# SignPlus Правила и услови

Последна промена: 24.02.2018 (претходни верзии)

Ви благодариме што размислувате да станете наш корисник или ако веќе сте наш постоен корисник. Нашите услуги се обезбедени од страна на КИБС АД Скопје („КИБС”), со адреса на бул. „Кузман Јосифовски Питу“ 1, 1000 Скопје, Република Македонија.

Со користењето на нашите услуги, Вие се согласувате и ги прифаќате овие Услови за користење. Ве молиме да ги прочитате внимателно.

Овие Услови за користење („Услови“) се однесуваат на користењето на SignPlus преку сајтовите **www.signplus.mk** и **api.signplus.mk** како електронска услуга („Услуга“) за: (1) потпишување документи, (2) ставање временски печат на документи, (3) проверка на документи со временски печат, (4) безбедна достава на документи помеѓу различни страни („Страна“ или „Страни“) и (5) архивирање документи.

Условите се договор меѓу Вас како корисник („Вие“ или „Корисник“) и КИБС како давател на услугите. Со користењето, создавањето корисничка сметка и/или најавата на Услугата, Вие ги прифаќате Условите. КИБС го задржува правото, без одговорност, во кое било време да промени, додаде или отстрани дел од овие Услови. Ваша одговорност е да се информирате за каква било промена на Условите секогаш кога користите некоја услуга. Користењето на услугата, по соодветно направената промена, значи дека се согласувате со новите Услови.

## 1. Кориснички сметки

Доверливоста и заштитата на информациите за корисничката сметка, вклучително и лозинките, се Ваша одговорност. Вие сте одговорни за сите активности на Вашата корисничка сметка. Должни сте веднаш да го известите КИБС при сомнеж за неовластено користење или обид за неовластено користење на Вашата сметка или каков било друг безбедносен инцидент.

a. **Кориснички услови:** До КИБС ќе проследите целосни, точни и тековни информации за Вас и Ваши информации за фактурирање/плаќање. Ќе вршите соодветна промена на сите информации поврзани со корисничката сметка во согласност со процедурите обезбедени од страна на Услугата. Доколку немате дозвола од КИБС, не сте овластени да користите каков било автоматизиран уред, алгоритам, програма, метод или некаков сличен рачен процес за да пристапите, земете, копирате, тестирате оптоварување, индексирате, манипулирате, тестирате или надгледувате кој било дел од Услугата или која било содржина. Во ниту еден случај не смеете да ја репродуцирате или заобиколите структурата или репрезентацијата на Услугата, или да се обидувате да извлечете материјали, документи или информации преку какви било средства, освен со инфраструктурата создадена и овозможена од страна на КИБС или неговите партнери. Се согласувате дека нема да вршите какви било дејства што ја експонираат инфраструктурата на Услугата или да ги преоптоварувате кои било системи или мрежи што се дел од Услугата или се поврзани со неа.

b. **Користена содржина од страна на корисникот:** Нема да ја користите Услугата за нелегални цели. Ова вклучува попречување на Услугата, ширење содржина која нарушува приватност, авторски или комерцијални права на која било трета страна, или користење на Услугата за какви било цели кои се или може да се сметаат како нелегални, непристојни, навредливи, клеветни, заканувачки, вулгарни или на друг начин противзаконски. КИБС го задржува правото, во кое било време, да избрише или да одбие корисничка содржина и/или да покрене судска постапка против Корисник, доколку смета дека ги нарушува Условите или на каков било начин ги

прекршува постојните закони и регулативи. КИБС не е одговорен за отстранувањето на таквата содржина или за неуспехот или одложувањето на отстранувањето на таквата содржина. Вие сте целосно одговорни за содржината на Вашата корисничка сметка и за каква било трансакција со Вашата корисничка сметка преку Услугата.

c. **Наплата на Услугата:** Услугата се дава припејд на физички и на правни лица. Физичките и правните лица може да ја користат Услугата според тековниот ценовник, објавен на www.signplus.mk или www.kibstrust.mk. Ценовникот се однесува на пакети од кредити за дел од Услугата наведени под (1) и (2) погоре во воведот и за користење складиштен простор за архивирање (5). Услугата се дава бесплатно до одреден број кредити и за одредено количество складиштен простор. Правните лица може да ја користат Услугата постпејд согласно соодветно дадена понуда од страна на КИБС или од овластените продавачи на КИБС. Фактурите на КИБС доспеваат согласно закон, по датумот на фактурирање. Секоја задоцнета и неоспорена фактура подлежи на камата согласно закон.

d. **Суспензија или престанок на Услугата:** Се согласувате дека КИБС во кое било време, без претходна најава, може да ја суспендира Вашата корисничка сметка за Услугата или на кој било начин да го прекине пристапот до Услугата поради:

   1. можно прекршување на Условите,
   2. наши обиди за подобрување на безбедноста на софтверот или заштита на содржината,
   3. промена на Услугата,
   4. неочекувани оперативни прекини или проблеми,
   5. одложено плаќање или
   6. експлицитно дејство побарано од страна на кој било правен орган или друг државен авторитет.

   Се согласувате дека КИБС, исто така, има право, во рок од една недела, да ја прекине корисничката сметка поради:

   1. недвосмислено прекршување на Условите,
   2. неактивност од страна на корисници кои користат бесплатна Услуга повеќе од 12 месеци или
   3. експлицитно дејство побарано од страна на кој било правен орган или друг државен авторитет.

КИБС не е одговорен кон Вас или кон која било трета страна што ја користи Вашата корисничка сметка, доколку Вашата корисничка сметка биде суспендирана или укината.

## 2. Управување со податоци

Освен информации од документите и лични податоци, кои се споделени со Услугата од вклучените страни, КИБС, исто така, прибира информации за комуникацијата и однесувањето на вклучените страни во рамки на Услугата, на пример, IP адреси, јазични нагодувања и дигитални отпечатоци, кои може да ја зајакнат правната позиција на вклучените страни („Информации“). Со помош на овие Информации, КИБС, како независна трета страна, ја зајакнува ревизорската трага за потпишаните документи и ги намалува идните административни и правни трошоци. Согласно тоа, како дел од Услугата, КИБС им обезбедува на вклучените страни, кои плаќаат или ја користат Услугата бесплатно, иста можност за различни форми на складиштен простор, управување и обработка на Информации преку Услугата, кои можат да имаат правна корист за вклучените страни. Ова подразбира дека КИБС се обврзува да управува со Информациите на засегнатите страни согласно листата наведена подолу. Вие се согласувате и го овластувате КИБС да управува со Информациите од засегнатите Страни согласно следниве насоки:

a. **Споделување Информации:** КИБС има право да комуницира со Вас и, исто така, директно или индиректно со поканетите страни во однос на документите што треба да се потпишат. КИБС го задржува правото да споделува Информации што се потребни за засегнатите Страни да можат да го (1) прегледаат документот, (2) да го проверат идентитетот на Страните кои потпишуваат, (3) да знаат дали документот е потпишан или не и да ги разбираат околностите во врска со настаните и (4) ретроспективно да ги проверат зачуваните докази за една операција.

b. **Податочно складирање:** Иницирањето процес на потпишување од Ваша страна во рамки на Услугата дефинира „налог“, без разлика дали документот е потпишан од сите засегнати Страни или не. Сите Информации по еден „налог“ се зачувуваат во барем две резервни копии по налог и Вие имате можност за пристап до налогот. Кога бришете налог, тој се брише трајно од Услугата. Налозите што содржат документи кои биле потпишани преку Услугата и што не биле потпишани од сите засегнати Страни се чуваат до една година откако ќе истече закупот на складишниот простор на Корисникот.

c. **Обработка на Информации:**

Со цел да се создадат правни и административни или статистички корисни материјали за засегнатите Страни, Услугата може да ги обработува Информациите автоматски. Информациите може да бидат користени од страна на КИБС во анонимна форма за статистичка анализа со цел промовирање или дополнителен развој на Услугата. Документите на засегнатите страни не им се достапни на вработените на КИБС за рачна обработка, освен ако која било засегната Страна не побара или даде експлицитна согласност за такво ракување со документот или документите, што, како резултат од таквото барање, значи дека документите им се достапни само на посебно овластени вработени во КИБС.

## 3. Потпишување, ставање временски печат и проверка на документи

Следниве одредби се однесуваат на сите документи потпишани преку Услугата.

a. **КИБС како страна:**

КИБС може да биде поврзан со содржината на одреден документ само ако регистриран Корисник или овластен потписник од страна на регистриран Корисник на Услугата, во свое име и за сметка на КИБС, потпише документи преку Услугата.

b. **Обврски на засегнатите Страни:**

Штом сите Страни ќе потпишат документ преку Услугата и тоа е потврдено од страна на Услугата, засегнатите Страни ги прифаќаат правата и обврските во согласност со потпишаниот документ. КИБС никогаш нема да биде одговорен или принуден да надгледува или интервенира доколку потписниците не се придржуваат до своите обврски во кој било договор или несоодветно ги искористуваат договорените права во потпишаниот документ.

c. **Спорови меѓу Страните:**

Доколку се појават несогласувања меѓу засегнатите Страни во однос на некој документ потпишан преку Услугата, КИБС нема да има никаква одговорност или обврска во врска со овој конфликт освен да им помогне, преку својата корисничка поддршка, на засегнатите Страни да ги најдат и да управуваат со Информациите достапни преку Услугата.

d. **Правен ефект на документите:**

Сите изјави од страна на КИБС во врска со валидноста на дигитално потпишаните документи не се наменети да бидат и не треба да бидат интерпретирани како правен совет. КИБС се оградува од одговорност за валидноста или спроведливоста на

потпишаните документи преку Услугата, пред законите на одредена државна или друга јурисдикција. Доколку сакате да ја прегледате валидноста или применливоста на кој било документ што планирате да го потпишете, да му ставите временски печат или што сте го потпишале и сте му ставиле временски печат преку Услугата, треба да се консултирате со соодветни правни експерти.

e. **Интегритет на документот:**

Интегритетот на документот потпишан преку Услугата може да се провери со користење различни методи. Предвидениот ред за проверка на интегритетот на документот е следниот:

1. Услугата обезбедува примарен метод за проверка на интегритетот на документот. Сопственикот на документот може да го прикачи документот и да добие токен за временски печат. Автоматската проверка на интегритетот на документот може да биде извршена со прикачување на документот и токенот со временски печат. Овој метод не бара какво било техничко познавање.
2. Ако поради некоја причина примарниот метод неуспешно го верификува интегритетот, тогаш може да се примени математичка верификација на интегритетот на документот, со користење на хеш (hash) метод. Ова бара да се примени техничко познавање.

f. **Методи за автентикација:**

Услугата Ви овозможува да користите различни методи за автентикација за да го верификувате идентитетот на Страната поврзана со документот, а ќе се применат само методите за автентикација што ќе ги одберете Вие. КИБС не дава гаранции за соодветноста или потребата од кој било таков метод на автентикација. КИБС нема да сноси одговорност за неуспехот или неможноста која било Страна да се усогласи со одбраниот метод за автентикација, ниту пак за заобиколувањето на кој било метод за автентикација од која било страна.

## 4. Корисничка комуникација

Со отворањето корисничка сметка на Услугата, Вие му давате дозвола на КИБС, преку Услугата или преку службен претставник, да контактира со Вас преку телефон или електронска пошта. Доколку не сакате да добивате електронска пошта, Ве молиме пратете електронска порака до support@signplus.mk. Ве молиме, земете предвид дека КИБС сè уште ќе мора да комуницира со Вас преку електронска пошта за Вашите трансакции и други работи поврзани со корисничката сметка и дека овие електронски пораки не се маркетинг и нема да бидат отстранети со горенаведената процедура.

## 5. Сопственички права

Вие потврдувате и се согласувате дека КИБС (или давателите на лиценца за Услугата) ги поседуваат сите сопственички права за Услугата и сите интереси, вклучително сите интелектуални права во рамки на Услугата (без разлика дали тие права се регистрирани или не и без разлика дали тие права постојат во светот). Освен доколку не е поинаку договорено во писмена форма со КИБС, ништо во Условите не ви дава право да користите кое било трговско име на КИБС, трговски марки, логоа, доменски имиња или други ознаки за распознавање. Освен за ограничената лиценца дадена во делот 5а („Повратни информации“), КИБС потврдува и се согласува дека, под овие услови, нема право или интерес од Вас (или Вашите даватели на лиценци) за која било содржина што ја поднесувате, прикачувате, пренесувате или прикажувате на или преку Услугата, вклучително и интелектуалните права за таа содржина (без разлика дали тие права се регистрирани или не, и без разлика дали тие права постојат во светот).

a. **Повратни информации:** Вие се согласувате дека КИБС може, своеволно, да издава или на поинаков начин да ги употребува Вашите коментари и повратни информации, бесплатно и без никакви други обврски кон Вас. Вие се согласувате дека кој било Ваш коментар кон КИБС преку електронска пошта, преку контакт-форма или на нашите форуми, може да биде искористен како атрибут на Услугата и за наши маркетиншки цели, бесплатно и без никаква друга обврска кон Вас.

## 6. Доделување

Освен доколку не е поинаку наведено во овие Услови, ниту една страна нема да ги пренесува, доделува или подлиценцира своите права според овој Договор на која било трета страна, делумно или во целост, без претходна пишана дозвола од другата страна. Сепак, засегнатата страна може да ги пренесе овие Услови во рамките на спојување, реорганизација или продажба на своите средства или капитал.

## 7. Одрекување од одговорност

a. **Правен совет:** Одговорноста за евалуација на точноста, комплетноста или корисноста на која било информација, мислење, совет, документ, договор или друга содржина достапна преку Услугата, е Ваша. Ниту еден дел од Услугата не треба да биде сметан како правен совет. Ниту КИБС, ниту неговите филијали нема да бидат одговорни за какви било грешки или пропусти на содржина, или одговорни за последиците од дејствата врз основа на која било содржина.
b. **Ограничување на одговорност:** Вие се согласувате да го ослободите КИБС и неговите основачи, сестрински компании, подружници, филијали, даватели на услуги, други корисници, дистрибутери, даватели на лиценца, службеници, директори и вработени, од какви било побарувања, вклучително и Ваши адвокатски трошоци, за кои било директни, индиректни, случајни, специјални, вклучувајќи но не и ограничувајќи се на штети од загуба на профит, репутација, корист, податоци или друг тип нематеријални загуби (дури и ако КИБС е известен за оваа опција), и вклучувајќи штети од: (1) документи или трансакции доставени до Услугата каде што КИБС не е директна вклучена страна во договорот, (2) користење или неможност за користење, вклучувајќи грешки, прекини или одложувања; неовластен пристап до или неможност за користење на Вашите документи или трансакции или (3) кои било други проблеми поврзани со Услугата. Одговорноста на КИБС нема да ја надмине, вкупно, последната платена сума од Вашите вкупни плаќања за користењето на Услугата според овие Услови во рамки на период од 12 месеци.

## 8. Дефекти поради виша сила

a. Ниту една од страните не може да биде обврзана на исполнување на која било обврска при настан од виша сила.
b. За виша сила може да се смета кој било од следниве настани, но не и исклучиво: (а) дефект на интернет или друг тип телекомуникациски објекти (вклучувајќи DoS, DDoS или DR-DoS напади од трета страна), (б) (договорни) недостатоци од страни од кои КИБС е зависен за време на активноста на давател на услуги, вклучувајќи добавувачи, (г) владини мерки.
c. Доколку настанот на виша сила трае повеќе од две недели, секоја од страните има право да го прекине Договорот. Она што е веќе реализирано врз основа на договорот ќе биде подмирено пропорционално, без притоа засегнатите страни да бидат должни една кон друга.

## 9. Применлив закон и надлежност

Овие Услови и сите проблеми поврзани со нив и сите прашања поврзани со Услугата се регулираат и се толкуваат во согласност со закон. Без разлика на горенаведената процедура, за разрешување спорови ние имаме право да поднесеме тужба во соодветен суд, кој има надлежност над Вас.

Страните се согласуваат дека, за какви било спорови поврзани со Услугата обезбедена под овие Услови, прво ќе ја известат другата страна за барање решение за спорот. Доколку спорот не се реши во рок од шеесет (60) дена по првичното известување, тогаш страната може да побара правна разрешница пред надлежниот суд. Надлежен суд е судот во Скопје.

## 10. Разно

Македонската верзија од овие Услови е оригиналната верзија и има приоритет врз верзиите објавени на други јазици.

## 11. Контактни информации

Сите прашања и коментари во врска со содржината на наведените документи може да бидат насочени кон:

КИБС АД
бул. "Кузман Јосифовски Питу" 1, 5-ти кат,
+389 2 5513 444, +389 2 3297 444
helpdesk@kibstrust.mk
http://www.kibstrust.mk
1000 Скопје, Република Македонија

## 12. Достапност на услугата за SignPlus

КИБС ја обезбедува достапноста на услугата за временски печат 24 часа на ден, 7 дена во неделата со минимум 99% достапност со најавени прекини во текот на годината кои не надминуваат 0,4% годишно.

* * *